Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 513 www.mchamber.mk 13.01.2023

# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА УВОЗ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ЦАРИНСКАТА УПРАВА






## ЗОШТО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА СО ГОДИНИ НОТИРА ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА Е УМЕРЕНО ПОДГОТВЕНА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО?

стр. 4

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје, EVN, vitaminka, T, Granit, IGM trade, Mermeren Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, Пекабеско, euro Nickel Industries, nextsense, VERO, Кожувчанка

### СТАНДАРД Покровители

Makprogres, Halkbank, OKTA, Zan Mitrev Clinic, Croatia osiguranje, Sparkasse, Стопанска банка АД - Скопје, Duna, seavus, cargo-partner, scalefocus

### СИЛВЕР Покровители

Socotab, Alliance One, Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА УВОЗ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ЦАРИНСКАТА УПРАВА



Во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, а на иницијатива на Царинската Управа на РСМ, се одржа работна средба со претставници на Групацијата за увоз на моторни возила.

Целта на истата беше информирање за новиот текст на предлог Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила пред нејзино поднесување до Министерството за финансии на РСМ и конечно усвојување од страна на Владата на РСМ.

Новините се однесуваат на усогласување со директивите на Европската Унија, како и пресметка на емисијата на количеството на јаглерод диоксид-CO2 по нова методологија врз основа на јасно утврдени правила за пресметка на данокот на моторни возила.

Членовите на Групација едногласно ја поздравија иницијативата на Царинската Управа и посочија дека бенефит од новата Уредба ќе имаат државата, увозницита на моторни возила како и крајните потрошувачи.

# ЗОШТО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА СО ГОДИНИ НОТИРА ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА Е УМЕРЕНО ПОДГОТВЕНА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО?



***м-р Наташа Јаневска***
***Проектен менаџер во Стручната служба на Комората***

Измина и 2022 година, неповратно, без да можеме да го измениме она што го донесе, но, сепак, ќе остави голем белег врз нас како држава. Здравствената криза која нè дрмаше две години се прелеа во енергетска криза, а прашање е дали енергетската криза ќе се прелее во економска криза. Дополнително, и војната во Украина сериозно влијаеше врз економските движења во државава. Имаме инфлација која се движи по нагорна линија, што не беше случај во последните 20 години. Стапката на инфлација достигна 19,8 % (ДСЗ, ноември 2022 година), додека, пак, економскиот раст на земјава е од скромни 2,4 %, што се должи на растот на услугите. Неминовен беше и растот на цените на производите и на услугите, што е резултат на растот на цените на храната и на енергенсите.

Во вакви услови производствените компании се борат да останат конкурентни и профитабилни во глобалната економија и затоа мораат да бидат иновативни, да внесуваат нови технологии, да ги усовршат производите и услугите, да го автоматизираат производствениот процес, да ги намалат трошоците, и да работат со минимален отпад. Тоа бара професионално и искусно управување, но и доброобразован, компетентен и стручен кадар, кој ќе одговори на новите предизвици. А дали имаме таков кадар?

Податоците покажуваат дека 65 % од компаниите се соочуваат со недостиг на стручен кадар (анализа на СКСМ), а 48 % од компаниите забележуваат дека е мал бројот на кандидати кои поседуваат соодветни квалификации и практично работно искуство, поради што трпат компаниите, па и целата економија.

Овој податок го нотира и Европската комисија во извештајот за напредокот на нашата земја за 2022 година. Години наназад Комисијата укажува дека околу 80 % од невработените се долгорочно невработени поради несовпаѓањето на вештините, но ние како да не ја сфаќаме сериозно. Невработеноста особено се одразува кај лицата со ниско ниво на квалификации, додека, пак, кај младите невработеноста и натаму останува висока и изнесува 30,9 %.

Покрај немањето практично искуство, не смее да се занемари и интензивниот процес на флуктуација и на заминување на кадарот од нашата земја во европските држави. Бројката уште повеќе ќе се зголемува со новите најави на некои европски земји за олеснување на процедурите за прием на странски работници во нивните земји. Во изминатите години е проценето дека од Македонија заминале околу 700 илјади лица на привремена работа во странство или трајно се отселиле, додека, пак, бројот на работоспособни млади, од 15 до 29 години, забрзано се намалува, а последните четири години падот достигнал во просек по 9.500 лица на годишно ниво.



Исто така, неколку години наназад констатацијата на Европската комисија е дека нашата земја има одреден напредок, но е умерено подготвена во областа на образованието каде се создава кадарот. Тоа значи дека е умерено подготвена да се справи со притисокот на конкуренцијата на европските пазари. За ваквата состојба таргетира само две причини:

1. Нестабилната државна финансиска поддршка за образованието и недостигот од човечки ресурси за спроведување на реформите. Во 2021 година јавните расходи за образование и за обука изнесуваа 3,2 % од БДП, во споредба со просечните 3,7 % од БДП во изминатите пет години, што е под просекот на ОЕЦД, кој изнесува 5 %. Покрај тоа, трошењето е многу неефикасно, главно на застарени формули за прераспределба на средствата за образование од општините. Ваквата состојба го попречува соодветното спроведување на Стратегијата за образование 2018-2025 година, како и развојот на систем за следење на нејзината примена.

2. Одолжување на усвојувањето на законите од областа на образованието. Политичката нестабилност го попречува донесувањето на законите од областа на образованието. Неусвоениот Закон за стручно образование и обука ја отежнува системската примена на дуалниот модел на образование и на учењето преку работа, како и на модернизацијата на регионалните центри за стручно образование и обука. Неусвоениот Закон за образование на возрасните ја оневозможува примената на поедноставни процедури за верификација на институцијата и на програмите за обука за преквалификација и за доквалификација, како и на процесот на вреднување на предходното знаење и стекнатите вештини, што е од голема важност за бизнис-заедницата во процесот на обезбедување кадар за своите потреби.

Нашата земја заедно со сите чинители, неминовно ќе мора да изгради и да ги приспособи своите политики, системи и механизми за излез од образовната криза во која се наоѓаме и за да покаже вистински напредок во делот на образованието, затоа што само со доброобразован и стручен кадар може да му се помогне на бизнис-секторот да го зголеми своето производство, но и да биде поконкурентен на европските и на светските пазари.

# РАБОТНА СРЕДБА ВО КОМОРАТА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА М-Р КРЕШНИК БЕКТЕШИ И ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА АД ЕСМ М-Р ВАСКО КОВАЧЕВСКИ




Стопанска комора на Северна Македонија согласно заклучокот донесен на седницата на Управнот одбор, одржа Работна средба со министерот за економија м-р Крешник Бектеши, генералниот директор на АД ЕСМ м-р Васко Ковачевски и претставници од бизнис заедницата, на ден 23 декември 2022 година.

Како и многупати досега, на средбата Комората укажа на потребата од поддршка и помош на бизнис секторот, со цел опстанување на пазарот и одржување на конкуретноста. Она што е клучно е дека Комората во континуитет во интерес на компаниите инсистира на поддршка на бизнисот за да опстои во овие исклучително сложени и неизвесни услови на стопанисување и да се справи со конкуренцијата.

За време на работната средба беа разменети ставови и мислења по моменталната состојба со енергетската криза со која се соочува стопанството, а со взаемен став и конструктивен пристап беа презентирани и предлози за справувањето со кризата.

Освен високите цени за снабдување со електрична енергија, на средбата беше разговарана и потребата за инсталирање на батериски системи, складишта на енергија, имајќи го во предвид големиот наплив на инвестиции во обновливи извори на енергија, со акцент на фотоволтаични централи. Во услови на проблем со снабдување на енергенси, обновливите извори на енергија се од големо значење, но преку нивно планирано интегрирање во електропреносниот систем.

Комората пред повеќе од една година предвиде дека претстои енергетска криза и укажа на потребата од прогласување на кризна состојба заради полесно носење на решенија и мерки за справување со истата. Од почетокот на кризата, Комората е активно вклучена во дефинирањето на мерките, иницијативите и предлозите, со цел ублажување на негативните последици кои истата ги предизвикува врз стопанството и предочи пакет барања со цел поддршка на стопанството, што вклучуваа барања за финансиска поддршка на компаниите кои се на слободниот пазар, но и барања за откочување на одредени закони во собраниска процедура. Дел од овие барања беа прифатени. Компаниите од одредени сектори добија субвенционирана цена на електрична енергија, а во собраниска процедура беа усвоени прописите со кои се поедностави постапката за поставување на фотоволтаици.

Несомнено е дека енергетската криза директно влијае врз бизнис секторот, конкуретноста и опстојувањето на компаниите. Во овој момент, заеднички е ставот дека постои потреба од поддршка на компаниите кои се снабдуваат со електрична енергија на слободен пазар и постои подготвеност кај надлежните институции истото да се оствари. За таа цел, Комората во следниот период ќе подготви конкретни предлог мерки по согледување на реалните потреби на компаниите.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
24.01.2023

# РИЗИК-ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ПРЕСТАНОКОТ НА РАБОТНИОТ ОДНОС, НИВНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И МЕНАЏИРАЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 јануари 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Ризик-фактори поврзани со престанокот на работниот однос, нивно препознавање и менаџирање“.

Престанокот на работниот однос е една од темите која најчесто креира судир помеѓу интересите на работодавачите и оние на работниците, и поради тоа, е и честа причина за спорови. Заради минимизирање на шансите за појава на вакви спорови, потребно е да се препознаат сите ризик-фактори поврзани со институтот и да се управува со нив на начин што ќе се постигне законска усогласеност, а ќе се избегне прекршочна и судска одговорност.

Во рамки на работилницата, ќе се дискутира за законската поставеност на престанокот на работниот однос, при што почнувајќи од начините за престанување на договорот за вработување, па сé до интрикантноста на отказот, ќе се разглобат сите поединости на институтот.

Ќе се анализира спогодбениот престанок на работниот однос, наспроти неговиот престанок по волја на една од договорните страни преку отказ од страна на работникот или од страна на работодавачот. Во поглед на отказот од работодавачот, особено ќе се анализираат основите за отказот.

Понатаму, ќе се развие дискусија и по однос на прашањата за отказните рокови, суспензијата од работа, како и паричната казна наместо отказ.

Работилницата ќе биде особено насочена кон севкупно информирање на слушателите за сите аспекти на дисциплинската постапка, условите и методите за нејзино спроведување, последователните дејствија по нејзиното заклучување, а ќе биде потенцирана и важноста од подготовката и примената на интерен акт за дисциплинска постапка.

Во насока на заокружување на правната поставеност на темата, ќе се дискутира и за некои од останатите законски предвидени основи за престанок на договорот за вработување.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
25.01.2023

# Напредни Ексел функции за анализа на податоците: правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP, консолидација

Напредните алатки на Ексел, како што се работа со правила, логички функции, IF, AND и OR функции, INDEX и MATCH функции, DATE функции, LOOKUP функции, DATABASE функции, работа со апсолутни и релативни референци, консолидација на податоците спаѓаат во најважните и најчесто користените алатки во деловното планирање, макро и микроекономската анализа и носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме напредните ексел функции, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Лесно анализираат големи бази на податоци во Ексел;
- Лесно средуваат нумерички и текстуални информации во Ексел;
- Препознаваат ситуации во кои примената на напредни Ексел алатки може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 26.01.2023**

# РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка

Стопанската комора на Северна Македонија на 26 јануари 2023 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: „ РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка “.

Оваа обука е дизајнирана да одговори пред се на потребите на стручните лица за безбедност при работа и работодавачите при имплементација на одредбите од новиот Правилник. Преку низа на системски методи и алатки кои се користат за решавање на проблеми, така што крајниот резултат од решавањето на проблемот не е само решен проблем, туку барем едно ниво подобрување на процесот и /или системот за управување. На овој начин би се придонело до градење на свеста кај вработените, дека проблемите се всушност предизвици, т.е. можности за подобрување на процесите и работењето.

Која е целта на семинарот?

Главната цел на семинарот е присутните да се запознаат со релевантните пристапи, т.е. методологии кои се користат за управување со проблемите и за запознавање со чекорите на методологиите кои после оваа обука ќе можат да ја применат на одреден проблем во нивната компанија. Тоа значи дека по завршување на семинарот учесниците ќе можат:

- Да ги разберат барањата на самиот Правилник;
- Да ја препознаат потребатата од примена на ситуации;
- Да се применат методологиите во пракса;

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 27.01.2023**

# ПРИМЕНА НА НАПРЕДНИ ТАКТИКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА И МОТИВАЦИЈА ВО РАБОТНАТА СРЕДИНА

Целта на „онлајн“ семинарот е да се разработат тактиките кои се однесуваат на начинот на зголемување на продажбата, поголема самодоверба во нудење на производи или услуги, преземање иницијатива за продавање и пронаоѓање на потенцијални клиенти, користење на напредни алатки за продажба, развивање на позитивна работна средина и мотивација за успех. Продажбата е клучниот момент за функционирање на еден бизнис. Без разлика дали нудиме производ или услуга, бизнисот мора да продава. Колку повеќе се развива техниката за продажба, толку поголем приход ќе има. Предвидени се практични примери и вежби за решавање на приговори и справување со конфликти. Ќе се потенцира практичната примена на комуникациски вештини во продажба и применливи стратегии.

Семинарот е интерактивен со практични вежби и симулација на реални ситуации.

Целна група за семинарот:

-за сите сопственици и менаџери на компании кои се занимаваат со продажба и имаат желба да инкорпорираат нови техники и алатки за поголема продажба, директори за продажба и маркетинг, млади претприемачи кои сакаат да започнат свој бизнис како и за сите ентузијасти кои се подготвени да ги унапредат техниките на директна продажба и електронска трговија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088